Јавно претпријатие за комунална дејност „Охридски Комуналец"
Бр. 04-1675/3
19. 10. 2023 год.
Охрид

**ЈП„ Охридски Комуналец " Охрид**
**Ул.„Нов Расадник " бб Охрид**

**ПРЕДМЕТ: ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2023 за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување**

Врз основа на чл.20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Служ.Весник на РМ бр.27/2014, бр.199/2014 и бр.27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019 и 14/2020) и член 37-и од Законот за Јавни претпријатија, Директорот на ЈП „Охридски Комуналец " Охрид, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**За прием на:**

1. 1 (еден) извршител за работно место „Општ комунален работник", шифра на работно место КДР0305В02001, со најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование со или без работно искуство во струката во јавен или приватен сектор, на неопределено време,

2. 1 (еден) извршител за работно место „Евидентичар",шифра на работно место КДР0305Б04053,со најмалку ниво на квалификации IV,240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование,со или без работно искуство во струката во јавен или приватен сектор,на неопределено време.

3. 1 (еден) извршител за работно место „Возач на специјално тешко возило(над 3,5т)",шифра на работно место КДР0305Б03050,со најмалку ниво на квалификации IV ,240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование,со 1(една) година работно искуство во струката во јавен или приватен сектор,на неопределено време.

4. 1 (еден) извршител за работно место „Инкасант-наплатувач",шифра на работно место КДР0305Б02075,со најмалку ниво на квалификации IV,240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование,со најмалку две години работно искуство во струката,на неопределено време.

5. 1 (еден) извршител за работно место „Одржувач на паркови и зеленило",шифра на работно место КДР0305В01001, со најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование,најмалку една година работно искуство во струката во јавен или приватен сектор, на неопределено време,

6. 3 (тројца) извршители за работно место „Метач", шифра на работно место КДР0305В02020, со најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование со или без работно искуство во струката во јавен или приватен сектор, на неопределено време,

За работното место под реден број 1 (еден) „Општ комунален работник", неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07,00 часот до 15 часот. Основната нето плата изнесува 22.174,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

НАПОМЕНА:Предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година за работното место.1 се Македонци/ки.

За работното место под реден број 2 (два) „Евидентичар“, неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07,00 часот до 15,оо часот. Основната нето плата изнесува 22.622,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

НАПОМЕНА:Предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година за работното место.2 се Македонци/ки.

За работното место под реден број 3 (три) „Возач на специјално тешко возило (над 3,5т)“, неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07,00 часот до 15,оо часот. Основната нето плата изнесува 22.862,оо, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

НАПОМЕНА:Предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година за работното место.3 се Македонци/ки.

За работното место под реден број 4 (четири) „Инкасант -наплатувач“, неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07,00 часот до 15 часот. Основната нето плата изнесува 23.103,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

НАПОМЕНА:Предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година за работното место.4 се Македонци/ки.

За работното место под реден број 5 (пет) „Одржувач на паркови и зеленило“, неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07,00 часот до 15 часот. Основната нето плата изнесува 22.371,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

НАПОМЕНА:Предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година за работното место.5 се Македонци/ки.

За работното место под реден број 6 (шест) „Метач “ ,неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07,00 часот до 15 часот. Основната нето плата изнесува 22.174,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

НАПОМЕНА:Предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година за работното место.6 се 1 (еден) од македонска заедница, 1 (еден)од албанска заедница и 1 (еден) од друга заедница.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, должност или дејност

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

- Да има соодветни стручни квалификации за работното место
- Да има соодветно работно искуство потребно за работното место
- Да поседува посебни работни компетенции потребни за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на ВЕБ страната на ЈП Охридски Комуналец

Постапката за селекција за вработување на давателите на јавните услуги во јавното претпријатие, се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази и интервју.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат-во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса:
ЈП Охридски Комуналец Охрид, Ул.„Нов Расадни “ бб, лично или преку пошта.
Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

**ЈП „Охридски Комуналец “Охрид**
**В.д Директор**
**м-р Сашо Најдески**

________________